РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
- ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА -

09-1111/1
14-02-2020

Врз основа на член 22 став 7 и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019), Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на дваесет и шестата седница одржана на ден 07 февруари 2020 година донесе

**Одлука**

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба судир на интереси со бр. 09-2742/1 од 17.05.2019 година доставена од непознат подносител СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Кривичниот Законик на Република Северна Македонија, член 107 став 1 точка 5, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за постапување по предметот број 09-2742/1 од 17.05.2019 година.

Предметот со број 09-2742/1 од 17.05.2019 година да се затвори и да се архивира.

Образложение

Врз основа на анонимна пријава оформен е предмет број 09-2742/1 од 17.05.2019 година за постоење партиско влијание од страна на лице кое било дел од раководството на политичка партија, во период од 2014-2015 година ја вработил својата сопруга во државна институција.

При разгледувањето на содржината на пријавата, Државната Комисија за спречување на корупцијата нема можност за постапување согласно член 17 став 1 точка 4 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, бидејќи не може да се покрене Иницијатива за поведување постастапка за утврдување на одговорност затоа што пријавеното лице како дел од раководството на политичка партија, не е службеното лице согласно член 8 став 2 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси. Исто така, Државната комисија за спречување на корупцијата не може да покрене Иницијатива за кривично гонење согласно член 17 став 1 точка 5 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите, а во врска со член 353 од Кривичниот Законик, бидејќи делото е застарено согласно член 107 став 1 точка 5 од Кривичниот Законик на РСМ, со оглед на фактот дека вработувањето на сопругата, како што е наведено во пријавата е во период од 2014-2015.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: м-р Станка Милановска, виш соработник


Република Северна Македонија
Државна комисија за спречување на корупцијата
Даме Груев бр.1, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3215 377
www.dksk.mk